# Е-ИНФО 53

ПАКОМАК
СЕЛЕКТИРАЈ
ИДНИНА

## АКТИВНОСТИ НА ПАКОМАК ЗА ПЕРИОД ЈАНУАРИ, ФЕВРУАРИ, МАРТ 2025 ГОДИНА

ПАКОМАК
ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПАКУВАЊЕ И ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ

PRO Europe
Packaging Recovery Organisation Europe

# АМБАЛАЖАТА ШТО ИМА МИНАТО, МОЖЕ ДА ИМА И ИДНИНА!

**КРАТОК ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИТЕ НА „ПАКОМАК”
ЗА ПЕРИОД ЈАНУАРИ, ФЕВРУАРИ, МАРТ 2025 ГОДИНА.
ИНФОРМИРАЈТЕ СЕ ЗА РЕАЛИЗИРАНИТЕ ПРОЕКТИ
ЧИЈА ЦЕЛ Е ПРОМОЦИЈА НА ВАЖНОСТА НА СЕЛЕКЦИЈА
И ПРЕРАБОТКА НА АМБАЛАЖНИОТ ОТПАД.**

**ЈАНУАРИ, ФЕВРУАРИ, МАРТ 2025 ГОДИНА**

# 1 ПОСТАВЕНИ 70 ВЕНДИНГ МАШИНИ НИЗ МАКЕДОНИЈА

Во јануари 2025 година „Пакомак“ има поставено 70 вендинг машини на територија на Република Македонија. Вендинг машините што ги користи „Пакомак“ се од марката ТОМРА, овој тип вендинг машини се најдобри и најмногубројни во светот, со нив „Пакомак“ спроведува светска практика и кај нас.

Бројот на корисници и бројот на селектиран амбалажен отпад од година во година се зголемува. Во 2023 година бројот на селектиран абалажен отпад бил 5.053.961 и бројот на корисници бил 22.340, додека во 2024 година бројот на селектиран амбалажен отпад е 12.678.030 и бројот на корисници се зголемил на 42.706. Се очекува во 2025 година овие бројки да пораснат.

Оваа година „Пакомак“ ќе прослави 15 години постоење, прославата за јубилејот е планирана за септември.




TOMRA

# 2 СОБРАНИ 273.000 ПЛАСТИЧНИ ШИШИЊА И ДОНИРАНИ ПОЕНИ ЗА СОС-ДЕТСКОТО СЕЛО ПРЕКУ АПЛИКАЦИЈАТА „ЕКОМАК“

Во текот на 2024 година граѓаните селектираа 273.000 пластични шишиња и лименки во повратните вендинг машини на „Пакомак“ користејќи ја апликацијата „Екомак“. Целта е собраните средства да се донираат за потребите на СОС-детското село. „Пакомак“ собраните шишиња и лименки ги претвори во 120.000 денари и ги намени за истата цел.



# 3 ОБЈАВЕН КОНКУРСОТ „TRASH FOR ART“ ЗА 2025 ГОДИНА

Пакомак“ го распиша конкурсот „Trash for Art“ за 2025 година, каде што поддржувач на конкурсот е „Нула отпад“, кој обезбеди и специјални награди за дела направени од електронски отпад.

Како и секоја година, овој конкурс е отворен за сите возрасни и деца, делата што се пријавени се натпреваруваат во повеќе категории и тоа: 1) градинки, 2) основни училишта и 3) поединци и други организации. За секоја категорија е обезбедена парична награда и тоа: за прво место 30.000 денари, за второ место 20.000 денари и за трето место 10.000 денари.

Годинава дополнително за трите најкреативни дела од електронски отпад беа доделени награди од „Нула отпад“, и тоа: за прво место 30.000 денари, за второ место 20.000 денари и за трето место 10.000 денари.

За учество во официјалната селекција доставените дела треба да се изработени од најмалку 10 парчиња амбалажен отпад и да бидат високи до 150 см, а се доставуваат во „Лабораториум“, во Скопје.



# 4 ОБЈАВЕНИ НА „TRASH FOR ART“ ЗА 2025 ГОДИНА

„Пакомак“ го затвори годинашното издание на „Trash for Art“ со прогласување на добитниците за секоја категорија. „Пакомак“ заедно со „Нула отпад“ обезбеди специјални парични награди за најдобро изработените дела.

Победниците од секоја категорија беа прогласени на 13.3.2025 година, а беа прогласени 11 победници. Победничките дела беа изложени во „Лабораториум“, каде што сите посетители можеа да ги видат. Делата беа пример за тоа дека искористената амбалажа може да се користи повторно и место да оди на отпад од неа може да се создаде уметничко дело.


















# 5 РЕЗУЛТАТИ ЗА 2024 ГОДИНА

Беа објавени резултатите за 2024 година – преку системот на „Пакомак“ за 2024 година беа регистрирани 54.051 тони отпад од пакување, кои се рекорд до сега. Од овој број 35.151 тон отпад од пакување беа однесени на рециклирање, што е 65,03 проценти. Со оваа количина е достигната целта и се исполнети националните цели за 2024 година.

„Пакомак“ 15 години е докажано сигурно решение за деловната заедница.



# 6 ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ СО ШВАЈЦАРСКАТА АМБАСАДА

Договорот склучен меѓу „Пакомак“ и швајцарската амбасада за проект за реализација на паметни системи за управување отпад од пакување во март оваа година е продолжен за уште четири години. Овој договор е постигнат преку професионализмот на „Пакомак“ и со остварувањето на договорените цели и задачи со изминатиот проект со амбасадата, кој се однесуваше на претходните четири години.






# СЕЛЕКТИРАЈ
# ИДНИНА

ПАКОМАК